

# Белотаски

# ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ

**ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ**, академски сликар и графичар, роден е на 15.4.1911 год. во Делчево. Основно образование завршил во родното место, а гимназија во Штип, Тетово и Призрен. Високото образование го формира во Белград од 1931 до 1938 год. на Академскиот отсек, при Уметничката школа, во класата на професорите Бета Вукановиќ, Љубомир Ивановиќ, Никола Бешевиќ, Симеон Роксандиќ, Иван Радовиќ и други, а во 1947 год. специјализира графички техники на Академијата за ликовна уметност во Љубљана, кај професорот Божидар Јакац.

Тој е еден од основоположниците на македонското современо сликарство. Беше долгогодишен професор и педагог во гимназии во Плевља и Крагуевац, потоа во Скопје, во машката гимназија „Цветан Димов“, во учителската школа „Никола Карев“, и во Школата за применета уметност а од 1949 до 1981 год. редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Белогаски остварува неколку студиски патувања во Европа од 1952 до 1955 год. во Лондон, Париз, Рим, Фиренца. Има повеќе значајни ликовни настапи со самостојни и групни изложби во Македонија и на бившите југословенски простори. Добитник е на вредни награди и признанија.

Во 1991 год. Белогаски направи донација од сопствената збирка (прва од таков вид во Македонија), подарувајќи му на Музејот на град Скопје 159 дела (претежно акварели, масла, цртежи и графики), создавани во текот на целиот период на ликовното творештво од 1929 до 1990 год.

Оваа вредна збирка овозможи Музејот на град Скопје да оформи галерија што го носи неговото име, во која постојано се изложени неговите дела. Љубомир Белогаски почина на 15.2.1994 год. во Скопје.

---

## КАТАЛОГ

1. Мачковац, 1943, акварел, 21,5x33, сигн.д.л.Белогаски
2. Осамена куќа, 1948, акварел, 22x25,5, сигн.д.д.Белогаски
3. Добротски мотив I, 1950, акварел, 19x28, сигн.д.л.Белогаски
4. Добриновиќев палац, 1950, акварел, 30x43, сигн.д.л.Белогаски, 50
5. Пестин град, 1950, акварел, 32x39, сигн.д.л.Белогаски
6. Приморски мотив, 1950?, акварел, 22x30, сигн.г.л.Белогаски
7. Пестин град, 1950, акварел, 51x35, сигн.д.д.Белогаски
8. Пестин град I, 1950, акварел, 66x49,5, сигн.д.л.Белогаски, 50
9. Добротски мотив, 1950, акварел, 46,5x65, сигн.д.д.Белогаски
10. Бокељски палац, 1950, акварел, 65x49,5, сигн.д.л.Белогаски
11. Добротски мотив II, 1950, акварел, 44x63,5, сигн.д.л.Белогаски
12. Селото Залази, 1952, акварел, 39x28, сигн.г.л.Белогаски, 52
13. Чадореста црница, 1952, акварел, 42x29, сигн.д.л.Белогаски
14. Приморски мотив, 1952, акварел, 28x40, сигн.д.д.Белогаски
15. Бока Которска, 1952, акварел, 33x26, сигн.д.л.Белогаски
16. Добротски мотив, 1952, акварел, 47x64, сигн.д.д.Белогаски

Во севкупниот творечки ликовен опус на Љубомир Белогаски, доминантно место како заокружена целина и врвно достигнување, зазема циклусот „Бокељски мотиви“, настанат во периодот од 1947 – 1957 година.

...*„Одејќи секое лето, речиси 12 години во тој крај, Бока како да стана мој сликарски аџилак. Таа секогаш ми создаваше најблагородни творечки побуди“...* ќе забележи авторот.

Инспириран од чистите предели, стрмните и сурови планински масиви, негибнатата стара градска архитектура, со нивна аналитичка оспервација од различни агли и визури, се родија зрели ликовни творби како плод на систематски и длабоко мисловен процес, со изворен ликовен јазик и лирски третман, со јасен естетски видик и педантна обработка.

Природните предели и „палаци“ се транспонирани во повеќе модифицирани варијанти, така што сликарската материја е структуирана во чиста и цврста композиција со одмереност, строгост и смиреност подеднакво со пластичниот систем и рафинираната колористичка хармонија на свежа и топла гама на зелените, црвените, сините и окерните бои, со префинети нијансирања и тонски валери. Така основните елементи во процесот на сликање, едни со други се поврзуваат, се усогласуваат и взаемно делуваат со целината-цртежот со тонот, тонот со бојата, бојата со формата, формата со композицијата. Отука неговото творештво е насочено во рамките на поетскиот реализам.

Лексиката на неговото сликарство е повеќеслојна, се одликува со упорност и сериозност во работата, со континуитет и доследност, со сензибилитет воглавно лирски интониран. Последиците се природно и логично изразени во сликарски вредности–акварели кои зрачат со сета своја свежина, ведра панорама на организирани обоени површини, дела кои ја предочуваат атмосферата на Бокељскиот амбиент и дишат со специфична клима, дела кои имаат документарна и фактографска веродостојност. Сите тие со своето постоење имаат трајна вредност и ја збогатуваат нашата ликовна современост.

*Дора Андова*

---

17. Куќата пред Пестин град, 1953, акварел, 31x21, сигн. д.л.Белогаски
18. Мотив од Бока, 1953/54, акварел, 18x25, сигн.д.д. Белогаски
19. Есен во Плагенте, 1954, акварел, 27x37,5, сигн.д.д. Белогаски
20. Под Ловќен, 1954, акварел, 16x26, сигн.г.д. Белогаски
21. Древните куќи во Котор, 1954, акварел, 49x65,5, сигн.д.д. Белогаски
22. Црвката Св.Матеј со камбанаријата, 1954, акварел, 64x48, сигн.д.д. Белогаски
23. Црвен покрив, 1954, акварел, 54x74, сигн.д.д. Белогаски
24. Куќата на Мариќевиќи, 1955, акварел, 49x65, сигн.д.л. Белогаски, 1955
25. Пестин град I, 1955/56, акварел, 29x32, без сигнатура
26. Мотив од Муо, 1955, акварел, 22,5x30, сигн.д.л. Белогаски
27. Трипковиќевиот палац, 1955, акварел, 21x29,5, сигн.д.л. Белогаски
28. Куќата на Капетановиќи, 1956, акварел, 27,5x18, сигн.г.д. Белогаски
29. Дабиновиќевиот палац во Доброта, 1956, акварел, 29x45, сигн.г.л. Белогаски
30. Бока Которска VI, 1956, акварел, 36,5x44, сигн.д.л. Белогаски
31. Приморски куќи, 1958, акварел, 48x64, без сигнатура
32. Мотив од Дурмитор, 1961, акварел, 18x27,5, сигн.г.л. Љ.Белогаски



Издава: Музеј на град Скопје. Одговорен уредник: Климе Коробар. Дизајн и ликовно графичко обликување: Дора Андова. Печат: НИП „Нова Македонија“ РЕ Печатница Скопје 1995 година.